

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 64,
МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2024

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ТППЕ КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПАТОТ КОН МИХАЈЛОВО ОД ПАДНАТИ ДРВЈА И НАНОСИ СНЕГ ВО ВИСИНА ОД 1 МЕТАР. СЕ ИНТЕРВЕНИРАШЕ НА ТЕРЕН ДО ЦЕЛОСНО РАСЧИСТУВАЊЕ.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВ ВО О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО". ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КРОВОТ КОЈА ОПФАЌА ЗАМЕНА НА СТАРИОТ КРОВЕН ПОКРИВАЧ ОД АЗБЕСТ, ЦЕМЕНТНИ ТАБЛИ СО НОВ ПОКРИВАЧ ОД СЕНДВИЧ ПАНЕЛ СО ИСПОЛНА ОД МИНЕРАЛНА КАМЕНА ВОЛНА. ИНВЕСТИЦИЈА ОД МОН, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИБО ОД ПРИЛЕП.





УЛИЦА „БОРИС КИДРИЧ" Е ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАНА! АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „БОРИС КИДРИЧ" НА ПОВРШИНА ОД 700М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ. КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ НА УЛ. „8 СЕПТЕМВРИ" КАДЕ СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ ТРИ ЛИНИИ, ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА ВО ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ ЗА НОВИТЕ ОБЈЕКТИ СО КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ АСФАЛТИРАШЕ УЛИЦАТА „1 МАЈ".
КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „1 МАЈ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА И ОПФАЌАШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ, ГРЕБЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ И КОМПЛЕТНО НОВО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА, НА ПОВРШИНА ОД 800М2, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.





ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ ЗГРАДА НА УЛ. „СТРАШО ПИНЏУР" И СКАЛИ НА УЛ. „БЕЛАСИЦА", ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ОД 2024 ГОДИНА
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО РУРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА!
ВО СЕЛАТА ДАБНИШТЕ И РЕСАВА ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ДОЛЖ СЕЛАТА, КАКО И ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ПРОШИРУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КОН СЕЛАТА РОЖДЕН И МАЈДЕН ОД СНЕЖНИТЕ НАНОСИ И ПАДНАТИТЕ ДРВЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

УЛИЦАТА „1 МАЈ" Е КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАНА! ПРЕТХОДНО ОВАА УЛИЦА СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ И ОПФАЌАШЕ ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ, ГРЕБЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ И КОМПЛЕТНО НОВО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА, НА ПОВРШИНА ОД 800М2, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.



СВЕТНА СКИЈАЧКИОТ ЦЕНТАР ВО МИХАЈЛОВО СЕ ПОСТАВИЈА 18 СТОЛБОВИ ВО ВИСИНА ОД 10 МЕТРИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА КОИ СЕ ПОСТАВЕНИ ПО 2 ЛЕД РЕФЛЕКТОРИ ОД ПО 200W НА СКИ ПАТЕКАТА И 1 СТОЛБ СО 4 ЛЕД РЕФЛЕКТОРИ ОД 200W ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ.



ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗГРАДИ СИЛЕКС, КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО М3 ВАТАША, НА ПОВРШИНА ОД 500М2. АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД,





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗИМА ВО МИХАЈЛОВО

СО ЗАДОВОЛСТВО ВИ НАЈАВУВАМЕ ДЕКА СКИ СТАЗАТА ВО МИХАЈЛОВО Е ПОДГОТВЕНА И ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛЕНА, ВО МОМЕНТОТ СЕ МОНТИРА СКИ ЛИФТОТ, НО И СКИ ТЕПИХ ЗА НАЈМЛАДИТЕ ВО ВИСИНА ОД 90 МЕТРИ. ВО МЕЃУВРЕМЕ ТОПОВИТЕ ЗА ВЕШТАЧКИ СНЕГ СЕ ПРИСТИГНАТИ, НО И РАТРАКОТ Е НА ПАТ ОД АВСТРИЈА.







ПОСЛЕ ДОЛГИ ГОДИНИ, НА ПОСЛЕДНИТЕ СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ ОД УЛ. „ДИМЕ ЧЕКОРОВ" ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПОСТАВУВА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА, СО ШТО ПРОБЛЕМИТЕ НА ОВИЕ ГРАЃАНИ ЌЕ БИДАТ КОНЕЧНО РЕШЕНИ



---

ЦВЕЌАРАТА КОЈА Е ВО СОПСТВЕНОСТ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ОДРЕДЕН ПЕРИОД ПРОИЗВЕДУВА СОПСТВЕНО ЦВЕЌЕ КОЕ Е НАМЕНЕТО ЗА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ.

ЕСЕНСКА ПРОЛЕТНА СЕИДБА

ЦВЕТНИ ВИДОВИ: VIOLA, BEGONIA, TAGETES, AGERATUM, PETUNIA, CHRYSANTHEMUM, SALVIA, IMPATIENS И ДР.

ДЕКОРАТИВНИ ГРМУШКИ:

JUNIPERUS, LONICERA, LAVANDULA, EVONYMUS, THUJA, MAHONIA, FORSYTHIA, NANDINA И ДР.

ДРВНИ ВИДОВИ:

AESCULUS HIPPOCASTANUM, CELTIS AUSTRALIS, CATALPA BIGNONIOIDES, BETULA, ACER, FRAXINUS, CUPRESUS И ДР.

ВИДОВИ ЦВЕЌИЊА И ГРМУШКИ КОИ ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ БИДАТ НАСАДЕНИ СООДВЕТНО ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ.

ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА РАЗУБАВУВАЊЕ И РАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТОТ ОД СЕЛО МАРЕНА КОН СЕЛО СОПОТ
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ.„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" С.МАРЕНА, ОД СПОЈ СО УЛИЦА МАРШАЛ ТИТО ДО МОСТ НА РЕКА ЛУДА МАРА (ПАТ КОН С.СОПОТ) ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ. ПОСТАВЕНИ СЕ 23 ЛЕД СВЕТИЛКИ НА 21 СТОЛБ СО ВИСИНА ОД 5М (19 СТОЛБОВИ, СВЕТИЛКИ 20W ) И 8М (2 СТОЛБОВИ, СВЕТИЛКИ 60W).
ОВА Е ВТОР ДЕЛ ОД ОСВЕТЛУВАЊЕ НА С.МАРЕНА, И Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАНА Е УЛИЦА „СТРАШО ПИНЦУР"
АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „СТРАШО ПИНЦУР" КОЈА СЕ КАТЕГОРИЗИРА КАКО РЕГИОНАЛЕН ПАТ, СО ШТО ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ИСТИОТ. ИНВЕСТИТОР Е МАКЕДОНИЈА ПАТ СО ПОДДРШКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА МАКЕДОНИЈА.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕДОВНО СЕ ГРИЖИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЧИСТОТАТА И ХИГИЕНАТА НА ГРАДОТ. МЕЃУ ДРУГОТО СЕКОГАШ ВО ФУНКЦИЈА СЕ И МЕТЛАРКИТЕ. ШЕСТ МЕТЛАРКИ ОД КОИ ТРИ НОВИ, РЕДОВНО ВРШАТ ПОМЕТУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ГРАДСКА ПОВРШИНА.
ЗА ЧИСТО КАВАДАРЦИ !

ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО СЕЛО ЧЕМЕРСКО НА ПОВРШИНА ОД 240М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПРОСТОР ОКОЛУ ИТНА ПОМОШ, ЦРВЕН КРСТ, ООМБУ „ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" ЛАБОРАТОРИИ, ДЕТСКА ГРАДИНКА.
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПРОСТОР ОКОЛУ ИТНА ПОМОШ, ЦРВЕН КРСТ, МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ, ЛАБОРАТОРИИ, ДЕТСКА ГРАДИНКА. ПОСТАВЕНИ СЕ 17 СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 5М И 1 СТОЛБ СО ВИСИНА ОД 8М. НА СТОЛБОВИТЕ СЕ ПОСТАВЕНИ 19 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 20 ВАТИ И 1 ЛЕД СВЕТИЛКА ОД 60 ВАТИ.
ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





ПОСТАВЕНА Е ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА МОСТОТ НА ПАТОТ КОЈ ВОДИ КОН ЛУКАР СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈЛДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО ТППЕ КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИОТ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ПОВРШИНА ОД 530М2, ОД КОИ САМО ЗА СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ 360М2, ДОДЕКА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ ЌЕ БИДЕ НАМЕНЕТ ЗА СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ЕДНА ДЕЛОВНА ПРОСТОРИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО.
ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ВИСИНА ОД 30 МИЛИОНИ ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ. ВКУПНАТА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.
ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



ЗА СИТЕ КОИ УЖИВААТ ВО ПЕШАЧЕЊЕТО
ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ВЕЛОСИПЕДСКО ПЕШАЧКА ПАТЕКА ГЛИШИЌ – МАРЕНА ВО ДОЛЖИНА ОД 854 МЕТРИ. ИНВЕСТИЦИЈАТА ОД 10.000.000 ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ КОЈА ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША.
НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.





ПО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ПРИСТАПНИОТ ПАТ ДО ГРАДСКИ ГРОБИШТА, ТРЕТА КАПИЈА, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 200 М2 СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" СЕ ОДВИВААТ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОТЕГОТ СЕЛО ВАТАША – МОКЛИШТЕ, КАДЕ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ 53 КАНДЕЛАБРИ СО ПРЕКИН ВО ДОЛЖИНА ОД 1650 МЕТРИ, И ТОА (ВАТАША – 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ, 43 КАНДЕЛАБРИ И ОД ВИЛА БЕЛА КОН ВИТАЧЕВО 10 КАНДЕЛАБРИ). ЛЕД СВЕТИЛКИ СО МОЌНОСТ ОД 43 W КОИ ПРЕТХОДНО ЌЕ СЕ ДЕМОНТИРААТ ОД ДРУГИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ. СТОЛБОВИТЕ СЕ СО ВИСИНА ОД 8 МЕТРИ.
ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ОДРЕДЕН ПЕРИОД ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ НА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО АТМОСФЕРСКИТЕ РЕШЕТКИ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОНИЕ КОИ ШТО СЕ ОШТЕТЕНИ И КОМПЛЕТНО БЕТОНИРАЊЕ СО НОВИ.





НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ ГЛИШИЌ - МАРЕНА
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТ ГЛИШИЌ – МАРЕНА ВО ДОЛЖИНА ОД 1100М, СО 31 СТОЛБ ВО ВИСИНА ОД 12МЕТРИ НА КОЈ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ 31 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 100W.
ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, ПО БАРАЊЕ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА СОПОТ, ПРИСТАПИ КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ЗА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ СО НОВО ЦРЕВО, ИСКОП, МОНТАЖА И СИПЕЊЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ОГРАДА НА МОСТОТ НА ПАТОТ КОЈ ШТО ВОДИ КОН СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ВО СОРАБОТКА СО ЈПДП, ОДНОСНО ОГРАДАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА КАКО ДОНАЦИЈА ОД НИВ, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ МОНТИРА ВО СОРАБОТКА СО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ




ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВИОТ ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"
ПОСТАВЕНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЕ СЕ СОСТОИ ОД: 4 СТОЛБА ОД 8М НА КОИ СЕ ПОСТАВЕНИ 4 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 60W (ПАРКИНГ), 22 СТОЛБА ОД 4М СО 27 СВЕТИЛКИ ОД 30W (ПАТЕКА), 4СТОЛБА ОД 8М СО ЛЕД РЕФЛЕКТОРИ ОД 200W (ПОМАЛО ИГРАЛИШТЕ), 4 СТОЛБА ОД 8М СО ЛЕД РЕФЛЕКТОРИ ОД 400W (ПОГОЛЕМО ИГРАЛИШТЕ).




НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!
ЗАВРШЕНО Е ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НОВИОТ ПАРК КОЈ Е ВО СКЛОП НА СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" КАВАДАРЦИ, НА ПОВРШИНА ОД 120 М2, И НА ИСТОТО ИМА ПОСТАВЕНО ГУМЕНА ПОДЛОГА И НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЕВРОГРАДБА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ.



СЕ РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ. „ПОЛОШКА" И ДЕЛ ОД УЛ. „14 МАЈ" КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.




. ПОКРАЈ КОНТИНУИРАНО ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ, ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА МОНТАЖА НА ФОНТАНА ВО НОВИОТ ПАРК КОЈ Е ВО СКЛОП НА СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" КАВАДАРЦИ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ШИШКА" ВО ДЕЛОТ ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР!

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СТОЈАНЧО РАМОВ И ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ БЕА ВО УВИД НА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „ШИШКА" КАДЕ ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО. ПРЕТХОДЕШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА СО КОМПЛЕТНО ВАДЕЊЕ НА ПОСТЕЧКИОТ АСФАЛТ, ТРОТОАРИ, РАБНИЦИ, И ПРОШИРУВАЊЕ СО УШТЕ ЕДНА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА, СЕ ТАМПОНИРАШЕ А СЛЕДУВАТ И НОВИ ТРОТОАРИ, ДРВОРЕД И ОСВЕТЛУВАЊЕ. ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ, СО ПОВРШИНА ОД 4000М2. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 10.974.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ФИРМАТА ЕСКАВАТОРИ ОД СКОПЈЕ.

СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.





НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ПАРК ПОЛАНА

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАРК ПОЛАНА U ПРИСТАПНИ УЛИЦИ ДО ПАРК ПОЛАНА (УЛ.ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ, УЛ.11ТИ ОКТОМВРИ И УЛ.ПАРТИЗАНСКА). ПОСТАВЕНИ СЕ 13 СТОЛБА ОД 8М И 13 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 60W.

ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!




ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ВО МЗ ВАТАША, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ АКТИВНА НА ТЕРЕН ВО ПЕРИОДОТ НА ИНТЕНЗИВНИТЕ ВРНЕЖИ ОД СНЕГ. СО ЧЕТИРИ ВОЗИЛА СЕ ЧИСТЕА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН СЕЛАТА СТРАГОВО, БОХУЛА,ЧЕМЕРСКО, МИХАЈЛОВО И МРЕЖИЧКО, СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ЗА СИТЕ КОИ ГРАВИТИРААТ ВО ОВИЕ ДЕЛОВИ.



# СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО

ОФИЦИЈАЛНО ОТВОРЕН Е СКИЈАЧКИОТ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО СО СКИ ПАТЕКАТА „МАКЕДОНИЈА" ВО СРЦЕТО НА КОЖУВ ПЛАНИНА!
СО ГОЛЕМО ЗАДОВОЛСТВО МОЖЕМЕ ДА ОБЈАВИМЕ ДЕКА НА СКИЈАЧКИОТ ЦЕНТАР „МИХАЈЛОВО„ Е ОТВОРЕНА СКИЈАЧКАТА СЕЗОНА!
НА ОФИЦИЈАЛНОТО ОТВОРАЊЕ СВОЕТО ЗАДОВОЛСТВО ОД ПРЕСТОЈОТ НА ЕДНА ОД НАЈУБАВИТЕ ПЛАНИНИ ВО МАКЕДОНИЈА ГО ИСКАЖАА И ВИСОКИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МЕЃУ КОИ ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МИНИСТРИ, ГРАДОНАЧАЛНИЦИ, НАЧАЛНИЦИ, КАКО И БРОЈНИ ГОСТИ.
ОДЛИЧНИ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ, ДОВОЛНО СНЕГ, ОДЛИЧНО ПОДГОТВЕНА СКИЈАЧКА ПАТЕКА, ВАКА ИЗГЛЕДА СКИЈАЧКИОТ ЦЕНТАР „МИХАЈЛОВО„ ВО МОМЕНТОВ, КОЈ СИГУРНО ЌЕ СТАНЕ ОМИЛЕНО МЕСТО ЗА СОБИРАЊЕ, ПРАВЕЊЕ СПОМЕНИ И УЖИВАЊЕ ВО ПРИРОДНИТЕ УБАВИНИ НА МАКЕДОНИЈА.

СКИЈАЧКИОТ ЦЕНТАР КОМПЛЕТНО СЕ ЗАВРШИ ВО РОК ОД 100 ДЕНОВИ. КОМПЛЕТНАТА ОПРЕМА БЕШЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА ОД СТРАНА НА ПОЛСКА КОМПАНИЈА. ИНВЕСТИЦИЈАТА ВРЕДНА ОКОЛУ 240 ИЛЈАДИ ЕВРА Е ДОНАЦИЈА, ДЕЛ ОД КОЖУВЧАНКА, ДЕЛ ОД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА, ДОДЕКА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ ВО ВИСИНА ОД 50.000 ЕВРА.МЕЃУТОА ПРИДОНЕС ВО ОВОЈ СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР ИМАА И ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИТЕ КОМПАНИИ: АС МАШИНИ, АНЕЛ МАГ, ИНТЕКАР, МЕПОС ОПЕРАТИВА, ГРАДБА ПРОМЕТ.

ИСТИОТ РАСПОЛАГА СО
-РАТРАК
-СКИ ЛИФТ ВО ДОЛЖИНА ОД 370М СО КАПАЦИТЕТ ОД 600 ЛИЦА НА 1 ЧАС
-СКИЈАЧКИ ПОЈАС СО КАПАЦИТЕТ ОД 800 ЛИЦА
-ЧЕТИРИ СЕЗОНСКИ ВРТЕЛЕШКИ
-ДВЕ МОБИЛНИ ПУМПИ
-ЦРЕВО СО ВИСОК ПРИТИСОК ОД 20 БАРИ СО ДОЛЖИНА НА ЛИНИЈА ОД 500 МЕТРИ.
-ФИЛТРИ 4 БРОЈА
-ХИДРАНТ 6 БРОЈА
- ЗА ВЕШТАЧКИ СНЕГ 6БРОЈА
-ЗАШТИТНА МРЕЖА ОД 100 МЕТРИ, 20 БРОЈА
-СКИ ТЕПИХ СО ДОЛЖИНА ОД 90 МЕТРИ
-ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ
-ГУМИ ЗА ЛИЗГАЊЕ НА ДЕЦА 20 БРОЈА
-ЗАШТИТНИ ДУШЕЦИ 25 БРОЈА
-ВЕШТАЧКА АКУМУЛАЦИЈА ЗА ВОДА СО КАПАЦИТЕТ ОД 3200М3 ВОДА

ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ГИ ОЧЕКУВАМЕ СИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА СНЕГ И ПЛАНИНА ДА НИ СЕ ПРИДРУЖАТ И УЖИВААТ ВО ПРЕУБАВИОТ АМБИЕНТ КОЈ НИ ГО НУДИ КОЖУФ ПЛАНИНА.

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ













# НАСТАНИ

„КАВАДАРЦИ ЕДНАКВО ЗА СИТЕ"

ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА СЛЕПИ ЛИЦА ГОЛ БАЛ-ВИЗИЈА КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПОВОД 3 ДЕКЕМВРИ (МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ) ГО ОРГАНИЗИРАШЕ НАСТАНОТ НАСЛОВЕН „КАВАДАРЦИ ЕДНАКВО ЗА СИТЕ" ВО КОЈ УЧЕСТВО ЗЕМАА ОСВЕН ЛИЦА ОД КАВАДАРЦИ, НЕГОТИНО И СКОПЈЕ, СПОРТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ЌЕ ПРЕМИНЕ ВО ТРАДИЦИОНАЛНА, СЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОТТИКНАТ СИТЕ ГРАЃАНИ ДА СТАНАТ ПОСВЕСНИ ЗА ПРАВАТА, ДОСТОИНСТВОТО И БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.

ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРИДОБИВКИТЕ И ИНТЕГРИРАЊЕТО НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО СЕКОЈ АСПЕКТ ОД ЖИВОТОТ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ ИСПЛАТИ ПРЕДВИДЕНИТЕ ПАРИЧНИ НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИ И МЕНТОРИ ОД ОСНОВНИ И СРЕДНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ЗА ПОСЕБНО ДОСТИГНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ.

СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ГИ ПОТТИКНЕМЕ СИТЕ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ.

СЕГА И ВО ИДНИНА!

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГИ ИСПЛАТИ ПЛАНИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА СИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДОДАТОК ЗА ПРВАЧИЊА ПО ПРЕТХОДНО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ.

ГОРДИ СМЕ НА СИТЕ УСПЕСИ ОД СИТЕ СПОРТИСТИ И СПОРТСКИ КЛУБОВИ. ЗАТОА ШТО ТИЕ СЕ НАШИ АМБАСАДОРИ, НАШАТА ГОРДОСТ И СЕКОГАШ ЌЕ ЈА ИМААТ НАШАТА ПОДДРШКА.

ОВОЈ ДЕН ЗА НАС ПРЕТСТАВУВА ПОТСЕТУВАЊЕ ЗА ОБВРСКАТА КОЈА ЈА ИМАМЕ ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА НАШАТА ТРАДИЦИЈА И ДУХОВНОТО НАСЛЕДСТВО.

СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ЈА ПРОДОЛЖИ МИСИЈАТА НА НЕГОВИТЕ УЧИТЕЛИ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ И НИВНОТО ДУХОВНО И ХУМАНО ДЕЛО ОПИСМЕНУВАЈЌИ ГО НАРОДОТ. НЕГОВОТО ДЕЛО Е НАШЕ ДУХОВНО И КУЛТУРНО БОГАТСТВО. ВО ИСТО ВРЕМЕ И ОБВРСКА ДА ГО ЧУВАМЕ И ШИРИМЕ НЕГОВОТО ДЕЛО НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ И ДА БИДЕМЕ ГОРДИ НА НАШАТА ТРАДИЦИЈА И КУЛТУРА.

НЕКА Е ЧЕСТИТ И ВЕКОВИТ ПРАЗНИКОТ!

ВЕЧНО НЕКА БИДЕ ДЕЛОТО НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ!



# НАСТАНИ

УБАВ, НЕДЕЛЕН, ПРАЗНИЧЕН ДЕН
ДЕН ЗА ПОБЕДА!
БРАВО ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI




ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, СЕ ОДРЖА ЈАВНА РАСПРАВА ПО ПРОЕКТОТ: АНАЛИЗА ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ГЕО ПАРКОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ ЌЕ ИМААТ ПРОФ. Д-Р СОЊА ЛЕПИТКОВА - КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ И ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ ДИМОВ, ЧЛЕН НА ЕКСПЕРТСКИОТ ТИМ И ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ПОДДРЖУВА ПРОЕКТОТ И НЕГОВОТО ПОНАТАМОШНО РАЗВИВАЊЕ СО ЦЕЛ МАКЕДОНИЈА ДА ГО ДОБИЕ ПРВИОТ UNESCO ГЕОПАРК.




СВЕТИ НИКОЛА ЗАШТИТНИК НА ДОМОВИТЕ И СИРОМАШНИТЕ! ПО ТОЈ ПОВОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОВОЈПАТ И КАКО КУМ НА ЧЕСТВУВАЊЕТО СО СЕМЕЈСТВОТО, ПРИСУСТВУВАШЕ НА СВЕТА АРХИЕРЕЈСКА ЛИТУРГИЈА ВО ХРАМОТ СВ. ПЕТКА КАВАДАРЦИ, ОСОБЕНО ГОРД ШТО МУ БЕШЕ УКАЖАНА ЧЕСТА ДА БИДЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА ИЗГРАДБА НА ОВОЈ СВЕТ ХРАМ КАДЕ СЕ ПОЈАВУВА И КАКО ЕДЕН ОД ПОГОЛЕМИТЕ ДОНАТОРИ. ТОЈ Е ГЛАВЕН ДОНАТОР И ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ ЦРКОВНО АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ ПРИ ЦРКВАТА СВЕТА ПЕТКА КОЈ ЌЕ ГО НОСИ ИМЕТО СВЕТИ НИКОЛА, ВО ЧЕСТ НА НЕГОВИОТ ПОКОЕН ТАТКО НИКОЛА И НЕГОВИОТ СИН КОЈ ГО НОСИ НЕГОВОТО ИМЕ. НЕКА Е ЧЕСТИТ И ВЕКОВИТ СВ. НИКОЛА!
ЗДРАВЈЕ, СРЕЌА, МИР И БЕРИЌЕТ ВО СИТЕ ДОМОВИ!
ЗА МНОГУ ГОДИНИ




# НАСТАНИ



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ДОБИ ПОСЕБНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ВЛОЖУВАЊАТА ВО ГФК ТИКВЕШ ОД СУДИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИОТ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ! ДОСЕГА ЗА ТИКВЕШ, ЗА ТИКВЕШ И ВО ИДНИНА

---

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ПРИКЛУЧУВААТ НА КАМПАЊАТА „ОПШТИНА НА ДЛАНКА“. СО ЗАДОВОЛСТВО ЈА ОБЈАВУВАМЕ НАШАТА ПОДДРШКА ЗА КАМПАЊАТА „ОПШТИНА НА ДЛАНКА“, ИНИЦИЈАТИВА КОЈА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ЗГОЛЕМИ ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПРЕКУ ПОДОБРЕНА УПОТРЕБА НА
ОПШТИНСКИТЕ ВЕБ-СТРАНИЦИ. КАМПАЊАТА Е ПОДГОТВЕНА ОД ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА. НАШАТА ОПШТИНА АКТИВНО СОРАБОТУВА СО ОВОЈ ПРОЕКТ СО ЦЕЛ:

ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИИ;
ПОЕФИКАСНО ПЛАНИРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ;
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ;
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИБИРАЊЕТО ПРИХОДИ ОД СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ;
ПОГОЛЕМ ПРИСТАП ДО НАДВОРЕШНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ;
СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР.





---

ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДДРЖА КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК СО ВРАБОТЕНИТЕ ОД МОЈ ОПШТИНАР, ЈП КОМУНАЛЕЦ, ЈП ПАРКИНГ, ЈП ПРЕВОЗ, ЈП ЈАСМИН, ДОМ НА КУЛТУРА КАВАДАРЦИ, МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА И ВИНСКИ МУЗЕЈ. ОКОЛУ ТРИЕСЕТИНА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ СЕ ОБУЧЕНИ ЗА ДА РАБОТАТ НА СКИ ЦЕНТАРОТ МИХАЈЛОВО. ПОРАДИ ПОМАЛИОТ ОБЕМ НА РАБОТНИТЕ ОБВРСКИ, ВО МЕСЕЦИТЕ ЈАНУАРИ И ФЕВРУАРИ, ИСТИТЕ ВРАБОТЕНИ ЌЕ ПОМОГНАТ ВО НЕПРЕЧЕНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СКИ ЦЕНТАР „МИХАЈЛОВО“.
СО ОВОЈ ПОТЕГ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИЗБЕГНУВА ВРАБОТУВАЊЕ НА НОВИ ЛИЦА, СО ШТО ДОМАЌИНСКИ ЌЕ ГИ ИСКОРИСТИ СВОИТЕ РЕСУРСИ БЕЗ ТРОШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА.





# НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО СЕКОЈА ГОДИНА ТАКА И ОВАА ПОДГОТОВКИ БОГАТА НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ, КОЈА СЕ ОДРЖУВАШЕ ОД 15 СЕ ДО 31 ЈАНУАРИ 2024.
НАЈУБАВИОТ ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА БЛЕСНА ВО ПРАЗНИЧНО РАСПОЛОЖЕНИЕ, БИДЕЈЌИ УЛИЦИТЕ ВО КАВАДАРЦИ БЕА ОСВЕТЛЕНИ СО СВЕТИЛКИ КОИ ГО СИМБОЛИЗИРААТ ДОАЃАЊЕТО НА ПРЕТСТОЈНИТЕ ПРАЗНИЦИ
СВЕТЛЕЧКИТЕ УКРАСИ ДОЛЖ ЦЕНТРАЛНАТА ГРАДСКА УЛИЦА, НА ПЛОШТАДОТ, НОВОГОДИШНАТА ЕЛКА, СЕ САМО МАЛ ДЕЛ ОД МАГИЈАТА ПОДГОТВЕНА ЗА ЗИМСКИТЕ ПРАЗНИЦИ ВО НАШИОТ ГРАД. НОВОГОДИШНИТЕ КУЌИЧКИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД КАДЕ КАВАДАРЧАНИ МОЖАТ ДА НАВРАЌААТ ДА СЕ СТОПЛАТ ИЛИ ОСВЕЖАТ СО НЕКОЈ ПИЈАЛОК, НО И ДА КУПАТ ПО НЕКОЈ НОВОГОДИШЕН УКРАС ИМААТ ПОСЕБЕН ШАРМ. И БИДЕЈЌИ НОВАТА ГОДИНА НИ ЧУКА НА ВРАТАТА, МОЖЕМЕ ДА СЕ ПОДГОТВИМЕ ЗА ПРАЗНИЧНО РАСПОЛОЖЕНИЕ СО НАШАТА БОГАТА НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА И СЕКАКО ДА УЖИВАМЕ ВО ЗВУЦИТЕ НА НАЈУБАВИТЕ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПЕСНИ.
ДОБРЕДОЈДЕНИ СТЕ СИТЕ!
НА ЗДРАВЈЕ, ЗА УШТЕ ЕДНА ПОУБАВА И ПОВЕСЕЛА ГОДИНА!

ГРАЃАНИТЕ СЕКОЈДНЕВНО УЖИВАА ВО НАСТАНИТЕ КОИ СО МНОГУ ЉУБОВ ГИ ПОДГОТВУВАВМЕ ЗА НИВ, ВО ДОБРА МУЗИКА, ОДЛИЧНИ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ, А УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ, И СЕКАКО ДЕЧИЊАТА ОД СИТЕ ОБЈЕКТИ ПРИ ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" КАВАДАРЦИ СО СПЕКТАКУЛАРНИ МАСКОТИ И ОДЛИЧНИ ЗАБАВНИ СОДРЖИНИ ДОБИЈА НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ ВО ПРЕСРЕТ НА НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОДЕЛИ НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА И НА ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ДЕЧИЊА ВО ДЕТСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ КАВАДАРЦИ, МАЛ ГРУПЕН ДОМ- МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КАВАДАРЦИ И ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ НА ЛУЃЕ СО МЕНТАЛЕН ХЕНДИКЕП - ПОРАКА, НЕГОТИНО.
ДЕТСКАТА НАСМЕВКА И РАДОСТ Е БЕСЦЕНЕТА!

ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО СЛЕДНИТЕ НАСТАНИ:
-ГУРМАНСКИ ВИКЕНД ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ
-ДЕГУСТАЦИЈА НА ТОПОЛ ЧАЈ
-СОНЦЕ, ПОЛН ПЛОШТАД НАСМЕАНИ ЛИЦА, ГРЕЕНО ВИНО И КОЛАЧИ
- БАЗАР НА ТРАДИЦИОНАЛНА ХРАНА И ГРЕЕНО ВИНО, СОНЦЕ И МАКЕДОНСКА НАРОДНА МУЗИКА
- НОВОГОДИШНА ДЕТСКА РАБОТИЛНИЦА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ СО УЧЕНИЦИ ОД СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ОКОЛУ 100 УЧЕНИЦИ СО ПОМОШ ОД ПРОФЕСОРИТЕ ИЗРАБОТИЈА ЛИКОВНИ ДЕЛА КОИ БЕА ИЗЛОЖЕНИ ВО ХУМАНИТАРНАТА ПРОДАЖБА ОД КОЈА СОБРАНИТЕ СРЕДСТВА ЌЕ БИДАТ ДОНИРАНИ ТАМУ КАДЕ ШТО Е НАЈПОТРЕБНО.
- УЖИВАЊЕ ВО ПРАЗНИЧНАТА АТМОСФЕРА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД МУЗИКА, ВОЗЕЊЕ СО ТУРИСТИЧКИОТ ВОЗ И ПОДАРОЦИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕНЦЕ
- НАТПРЕВАР ВО НАЈБРЗО НАКИТЕНА ЕЛКА, МНОГУ НАСМЕАНИ ЛИЦА И ПОДАРОЦИ ЗА НАЈБРЗИТЕ ДЕЧИЊА
- ДЕЛЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ НА ДЕЧИЊАТА ОД ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" И О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ВАТАША ЗАБАВА СО СПЕКТАКУЛАРНИ МАСКОТИ BUBBLE HOUSE
- ПОСЕТА НА ОБЈЕКТИТЕ „ИЗВОРЧЕ", „ДЕТЕЛИНКА" И „СОНЦЕ" ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ОД НАЈМАЛИТЕ ГРУПИ ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И ЏУЏЕТО УШКО ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
- НАШАТА ПОСЕТА ПРОДОЛЖИ И ВО ОБЈЕКТИТЕ „ВАТАШКИ ЦВЕТОВИ" И „СНЕЖАНА" ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА И ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛ-НА ИЛИ ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РАЗВОЈОТ, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И ЏУЏЕТО УШКО ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
- ПОСЕТА НА ОБЈЕКТИТЕ „ ЅВОНЧИЦА", „ПЕТАР ПАН" „БУБАМАРА", „ГРОЗДОБЕРЧЕ" И „БАМБИ" ПРИ ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ВО ПРЕСРЕТ НА НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ!
- ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД О.О.У „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" И „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ КАДЕ ОД СТРАНА НА ДЕДО МРАЗ, ЏУЏЕТО

УШКО, ПЕТАР ПАН И СПЕКТАКУЛАРНИТЕ МАСКОТИ ОЛАВ И СТИЧ ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ!

-НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ ЗА ДЕЧИЊАТА ОД О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" И „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" КАВАДАРЦИ ДЕДО МРАЗ, ЏУЏЕТО УШКО, ЗАБАВА СО СПЕКТАКУЛАРНИ МАСКОТИ И ДОБРА МУЗИКА

- ПРАЗНИЧНАТА АТМОСФЕРА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО ВКУСОТ НА ГРЕЕНО ВИНО, А НАЈМЛАДИТЕ ВО ВОЗЕЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИОТ ВОЗ ГРОЗДОБЕРКО, ФОТОГРАФИРАЊЕ СО ДЕДО МРАЗ И 360 СПИН ФОТО И ВИДЕО

-ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА ТРКА СО ДЕДО МРАЗОВЦИ ПО ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ! ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ НОВОГОДИШНО ПАКЕТЧЕ, А ЗА НАЈБРЗИТЕ ВРЕДНИ ПОДАРОЦИ!

- ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО СОНЦЕТО И НАСТАПОТ НА ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ ГРОЗДОБЕРЧЕ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ ДЕЧИЊАТА ДОБИЈА И НОВОГОДИШНО ПАКЕТЧЕ

- ФОТОГРАФИРАЊЕ СО ДЕДО МРАЗ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД

- ХОРСКО ПЕЕЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" ВАТАША, „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ„ СТРАШО ПИНЏУР" И „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СЕ ПЕЕЈА НАЈУБАВИТЕ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПЕСНИ!

- ПРАЗНИЧНА АТМОСФЕРА ЗА ДОЧЕКОТ НА НОВАТА 2025 ГОДИНА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СО ГАЛАКСИ БЕНД И АНГЕЛ ЏАМБАЗ ЗАЕДНО ПРАЗНУВАВМЕ, ЗАЕДНО СЕ РАДУВАВМЕ!

СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!
























ТРАДИЦИОНАЛЕН НОВОГОДИШЕН ПРИЕМ ОРГАНИЗИРАН ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ДА СТЕ ЖИВИ И ЗДРАВИ СИТЕ!

СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА!

СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!










Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Дизајн: Петре Здравков

Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk